Врз основа на член 11 од Законот за безбедност и здравје при работа („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16), Наставно-научниот совет на Институтот за комуникациски студии, на ден 29.01.2025 година донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Член 1

Овој Правилник ги уредува правилата, обврските и мерките што треба да се преземат од страна на Институтот за комуникациски студии (во понатамошниот текст: Институтот), за обезбедување на безбедни и здрави услови за работа, во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа, како и релевантните конвенции на МОТ и европските стандарди.

Член 2

Правилникот се применува за сите вработени, надворешни соработници, посетители и корисници/учесници на програмите на Институтот и сите оние кои престојуваат во просториите на Институтот или учествуваат во неговите активности.

Се однесува на канцелариски простории, училници, предавални, архиви, технички простории, санитарии и сите локации што Институтот ги користи во рамки на своето работење.

Член 3

Институтот ја гради својата политика за безбедност и здравје при работи врз следниве начела:

- Превенција на ризици наместо нивно санирање;
- Проценка и контрола на ризиците на секое работно место;
- Приспособување на работата кон човечкиот фактор (ергономија);
- Употреба на безбедни технологии и методологии;
- Почитување на законите, техничките стандарди и добрата практика;
- Учество на вработените во мерките за БЗР;
- Континуирана едукација и информирање на вработените.

Член 4

Институтот има законска и морална обврска:

1. Да обезбеди безбедна и здрава средина за работа;
2. Да назначи овластено лице за БЗР или да ангажира овластено правно лице;

3. Да спроведува проценка на ризик најмалку еднаш на три години или по секоја значајна промена;
4. Да изработи и ажурира Изјава за безбедност со проценка на ризик;
5. Да обезбеди периодично обука за вработените за безбедност и здравје при работа;
6. Да овозможи пристап до упатства и сите потребни информации поврзани со БЗР;
7. Да обезбеди соодветни средства за работа, како и лична заштитна опрема, ако е применливо;
8. Да одржува чисти, осветлени, проветрени и безбедни простори;
9. Да спроведува планови за итни случаи, вклучително и вежби за евакуација;
10. Да обезбеди задолжителни здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 24 месеца.

Член 5

Институтот води евиденција за:

- Проценки на ризик,
- Одржување на простории и опрема,
- Обуки и учества на вработените,
- Настани (повреди, инциденти, интервенции),
- Редовен надзор од инспекциски органи,
- Спроведени вежби за евакуација,
- Извршени здравствени прегледи.

Член 5-а

Во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа, Институтот е должен да обезбеди избор на најмалку еден претставник од редот на вработените за БЗР. Овој претставник:

- Има право на пристап до информации и документи поврзани со БЗР,
- Има право да учествува во увид и надзор на работната средина,
- Може да поднесува предлози за подобрување на мерките за БЗР,
- Има право да соработува со инспекциските органи,
- Не смее да биде дискриминиран поради извршување на оваа функција,
- Треба да биде избран од страна на вработените.

Член 6

Секој вработен има право:

1. Да биде информиран за ризиците на своето работно место;
2. Да добие соодветна обука за БЗР;
3. Да одбие извршување на работа во случај на непосредна опасност;
4. Да предложи подобрување во однос на безбедноста;

5. Да пријави повреда или ризик без страв од последиците;
6. Да биде упатен на здравствени прегледи.

Член 7

Вработените се должни:

1. Да се придружуваат до мерките и упатствата за БЗР;
2. Да користат лична заштитна опрема;
3. Да го пријават кај овластеното лице секој инцидент, дефект или опасност;
4. Да учествуваат во обуки и вежби;
5. Да се грижат за сопствената и безбедноста на колегите.

Член 8

Проценката на ризик претставува основна алатка за систематско идентификување и управување со потенцијалните опасности што може да влијаат врз здравјето и безбедноста на вработените. Таа е предуслов за планирање соодветни превентивни мерки и за унапредување на работната средина во Институтот.

Имајќи ја предвид природата на активностите што се спроведуваат во административни, наставни и истражувачки простории, проценката на ризик треба:

1. Проценката ја спроведува овластено лице врз основа на утврдена методологија
2. Опфаќа идентификација на ризици, мерење на веројатност и сериозност, и препораки
3. Резултатите се документираат и се преземаат корективни мерки
4. Обновувањето на проценката е задолжително при секоја организациска или технолошка промена.

Член 9

Изјавата за безбедност претставува официјален документ со:

- Општи податоци за работното место;
- Проценка на ризик;
- Предвидени мерки за контрола и превенција;
- Распределба на одговорности;
- План за евакуација и справување со итни случаи.

Член 10

При итни случаи, Институтот:

1. Изготвува план за евакуација при пожар, земјотрес, пандемија или закана;
2. Обезбедува јасна сигнализација и мапи за излез;
3. Поставува опрема за прва помош и противпожарна заштита;

4. Спроведува редовни вежби (најмалку еднаш годишно);
5. Назначува одговорни лица за координација при итен случај.

Член 11

Институтот редовно врши проверка на:

- Состојбата на опремата и просториите;
- Почитувањето на правилата од страна на вработените;
- Спроведува интервјуа и прашалници за евалуација на БЗР практики.

Член 12

Секој вработен при вработување потпишува дека е запознаен со правилникот и се обврзува на негова примена.

Непочитувањето на овој правилник претставува дисциплински прекршок и повлекува соодветна мерка според интерните акти и законската регулатива.

Член 13

Овој правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 29.01.2025 година

Овластено лице

д-рМарина Тунева



